**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 април 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Стојан Андов, претседател на Собрането.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 104-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот на одлуката за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;

Предлогот на одлуката за именување на претставници во Соборот на работниците во Републичкиот завод за унапредување на домаќинствата -Скопје и

Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Крива Паланка, да се разгледаат пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. Гласале 56 пратеници.

Бидејќи не е регуларно гласањето молам уште еднаш да го повториме гласањето.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 48 пратеници, воздржано 8 и против гласале 15 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално за збор се јавува господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине првтседателе согласно Деловникот би сакал да реагирам процедурално.

Бидејќи согласно Деловникот е ваше право да предлагате да се менува редоследот на дневниот ред во име на Собранието кое го претставувате најлегитимно, па би сакал да ве прашам следното:

Во име на Собранието кое го претставувате најлегитимно, вие имавте средби со претставниците на Сојузот на синдикатите и во ваше име ни доставивтв дописот на Сојузот на синдикатите на Македонија, а кој го имаме пред нас пратениците, па би сакал да св изјасните, како претставник на сите 120 пратеници во чие име преговаравте, разговаравте и кога Не сметавте дека претседателите на матичните комисии треба да бидат со вас, особено јас како претседал на Комисијата за труд и социјална политика што и до Мене е доставен допис, бидејќи како пратеник јас ја претставувам таа комисија, како што вив го претставувате Собранието во име на сите пратеници, па би сакал согласно Деловникот да се изјаснитв по барањето на Сојузот на синдикатите на Македонија кои бараат нивното барање па кажете ни дали Нешто им ветивтв и што им ветивте.

Моето процедурално барање е да ве потсетам дека тие и во средбата, колку што сум јас запознавн бараат оваа точка да бидв прво точка на дневниот ред од оваа свдница, или да биде посебна седница со оваа точка. Сега имаме и писмено барање. За тоа ве молам информирајте го Парламентот, а моето барање како претседател на Комисијата за труд и социјална политика е да го поддржиме барањето на Сојузот на синдикатите на Македонија и точката -изменување и дополнување на законот за вработување и осигурување, во случај на невработеност, да биде пред точките, Деловнички логички не може да биде пред точките што ги изгласавме пред малку, но после точката за избори и именување да дојде оваа точка на дневен ред. Во тој контекст јас како претседател на едно многу важно тело би ве замолил вие како претсдател на Собранието да не информирате и да кажете што е договорено, се со цел да нема недоразбирања за нешто што е многу јасно и чисто, барем деловнички.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека не е спорно и не го врзува ова прашање господине Гештаковски за одлуката на Собранието која точка да биде и каде да биде. Овде во дневниот ред тоа е 19-та точка, а за тоа одлучило Собранието со гласање.

Во разговорот со работниците од синдикатот јас не можев да се договорам со нив за она што Собранието одлучило. Она што јас од нив го барав и ветив тоа е тие, бидејќи излегоа со некои пресметки кои се разликуваат од изјавите што ги дадоа претставниците на Владата, реков тие да ги достават своите пресметки до Владата, а не на мене да ми ги кажуваат, а да ги доставата до мене, за јас да ги доставам до пратениците. Потоа ќе почекаме Владата да состави мислење и да ни го прати мислењето, а кога ќе

продолжиме со 104-тата седница, ќе дојде време да расправаме и по таа точка, но да немаме отворени прашања со Владата да биде чиста работата, да се знае дали мислењето на Владата е негативно, дали Владата го поддржува тоа, или има и некои други предлози. Тоа беа моите разговори со нив. Никакви други ветувања, надвор од тоа што одлучувало Собранието, не сме имале за тоа.

За збор се јавува господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во ред го почитуваме вашето изнесување на ставови пред Сојузот на синдикатите во име на Парламентот, ја почитувам изгласаната одлука на Собранието да расправа по точката на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, но би ве прашал дали вие останувате на барањето на Синдикатот, кое го имаме добиено, бараме од вас господине претседателе уште еднаш да го искористите својот авторитет и да го реализирате постигнатиот договор, Собранието на Република Македонија во првата наредна прилика како прва точка од дневниот ред да расправа по Предлог законот за изменување и дополнување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Доколку тоа Не Се направи работниците ќе бидат принудени да продолжат со своите протести кои *ќе* бидат помасовни што се како во овие прилики тоа Не е пожелно.

Би сакал процедурално да ве прашам дали Ќе предложите, после точката за избори и именувања, вие како претседател претставник на сите нас, по барање на Синдикатот, да биде редослодно точката која ја бара Синдикатот, тоа е точката 19, како би можел процддурално да реагирам, Собранието да Се изјасни, како претседател, после вас, задолжен за оваа област, претседател на Комисијата за труд и социјална политика која во факсот од Синдикатот, покрај ова писмо до вас, јас имам добиено и факс до мене лично. Затоа би сакал како претседател на Собранието вие за тоа да Се произнесете, дали Ќе побарате од Парламентот, она што сте разговарале, да го измениме редоследот, точката 19, сега, фактички да биде втора, или јас би ве молел да ми дадете збор, јас да побарам односно јас барам Собранието веднаш да Се изјасни, после точката за избори и именувања, што Сега ја усвоивме, или пред Неа, Деловнички Не знам, вие најдобри сте запознаени, да ми дадетд збор да го побарам, многу ќе е битно и вашето изјаснување, како вие како претседател Ќе Се произнесете. Значи барам од вас уште еднаш да го искористите својот авторитет, а би Ве молел во иднина за да не доаѓа до вакви недоразбирања, на таквите состаноци да ги повикувате и претседателите на работните тела. Тоа е мое лично искуство во овие 12 години, како сите би ја носеле одговорноста и привилегиите во извршување на пратеничката функција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас објаснив, мојот разговор со претставниците на Синдикатот беше врз основа на веќе утврдениот ред на одлуките на Собранието. Надвор од тоа ниту сум смеал да земам обврска, ниту да постигнам нешто друго. Јас ги информирав дека таа точка е уврстена во дневниот ред, но недостига мислење од Владата. Тие ми кажаа со кои информации и факти тие располагаат. Јас им реков дека е потребно тоа да го испратат до Владата и до мене за јас да го испратам до пратениците. Други ветувања не сум дал. Реков дека е ризично, ако немаме мислење на Владата можеме да расправаме, но да не дојдеме до одлука. Затоа да причекаме да дојде мислењето на Владата, бидејќи се водат разговори меѓу Синдикатот и Владата и има напори да се изнајдат решенија. Јас сеуште не сум добил мислење од Владата и не сум ви го доставил.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, Вие сте претседател на Собранието на Република Македонија. Вие Не сте претседател на Владата на Република Македонија. Многу познато ви е на вас, во тоа сум сигурен ние имаме овластен предлагач по овој закон. Тоа е колегата Слободан Даневски. Собранието се изјасни дека од 19 -та точка не може да биде прва точка.

На вас ви е многу познато дали е предлагач Владата, или е пратеник, или 10 илјади граѓани. Тие се рамноправни предлагачи. Исто така сметам дека ви е познато и треба да ви биде познато, доколку овластен предлагач е пратеник, или 10 илјади граѓани, согласно Законот за Влада кој го донесовме во вашиот и мојот мандат, тој предлог Се доставува до Владата и во рок од 15 Дена, доколку Владата Не даде мислење, најлегитимен е предлогот и Собранието треба да расправа, по ова прашање, Закон за изменување и дополнувањв на законот за вработување

и осигурување во случај на неврабсггеност. Исто така сум многу сигурен, писмено мислење, јас како како претседадел на работното тело немам добиено усно мислење, имаме добиено од најовластениот претставник, тоа е министерот за труд и социјална политика, и при утврдување на дневниот ред по исто вакво прашање и по овој закон. Тоа на вас ви е многу познато. Нема никакви деловнички пречки да расправа Собранието. Прашањето е сложено, прашањето е многу битно и од гледна точка на работниците и од гледна точка на макроекономската политика и од страна на Буџетот. Владата имаше доволно време. Она што вие го договоривте со Синдикатот, пратениците го добија. Пратениците добија три дописи. Синдикатот достави број на вработени кои треба да одат во пензија, достави пресметки, се што е потребно да расправа овој Парламент. И ве молам немојте да Се повикувате на Владата. Вие имате обврска, бидејќи не претставувате, бидејќи прашањето е многу сложено, па ве молам, ако вие, она што го презедовте како обврска односно тоа што го пишува во дописот, јас не можев да тврдам бидејќи не бев присутен, каква обврска сте земале. Вашите ставови ние пратениците ги слушаме преку средствата за информирање. Затоа јас сметам дека е потребно прво да ги утврдиме ставовите, барем во некои легитимни Тела, вие не сте држава но вие имате обврска за претставување на овој Парламент и ставовите на Парламентот да ги претставувате, а не претпоставките и она што мислите вие дека Парламентот ќе одлучи. Јас не сакам да навлегувам во тоа, не сакам да го отворам тоа прашање. Вие сте претседател на Собранието и не претставувате нас пратениците. Синдикатот вели дека сте земале обврска. Нема никаква деловничка пречка да расправаме, со тоа ќе Се согласите, или ако сакате, согласно Деловникот *ќе* отвориме како деловничка пречка.

Дали господине претседателе има пречка, тоа што нема мислење од Владата, дека не треба да расправаме. Ве молам, ако сметате вие тој став изнесете го, точно знаете по Деловникот, ќе отвориме деловнички спор, Ќе се изјасни Парламентот, имаме овластен предлагач. Јас ве разбрав многу добро. Вие не сакате да предложите да се измени редоследот на дневниот ред.

Јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика, исто, како вас, избран и овластен од овој Парламент, да биде тоа прва точка, за тоа повторно да се изјасни Парламентот, врз основа на нови сознанија, нови дополнителни информации, нови разговори да кажам, со претседателот на Собранието, со претседателот на Синдикатот, и врз основа на тие разговори да видиме дали е добро да го отвориме тоа прашање и да расправаме. И предлагам, врз основа на вашите контакти и од Уставот, Деловникот, контактите со Владата, што ги остварувате во наше и ваше име, предлагам деловнички Парламентот да се изјасни, бидејќи вие не се изјаснувате по тоа, вашиот став не го знам, нормално како пратеник вие Ќе настапите, *ќе* се изјасните, тоа е ваше право, да расправаме за таа точка, бидејќи свесни сме, Синдикатот имаше закажано протести за во понеделник, а бидејќи не се работи, и ова ќе ви го кажам, што е нелогично, Синдикатот во разговорите со мене како претседател на Комисијата за труд и социјална политика, а и сите го слушаме преку средствата за јавно информирање претседателот на Синдикатот, што Не е добро. Тој вели Владата на Република Македонија намерно прогласи неработни денови, понеделник и вторник за да се спротивстави на Синдикатот, да нема штрајкови во понеделник. Тоа Не е добро.

Во секој случај претседателе тоа прашање ќе дојде пред Парламентот. Дали е правиот момент Денес, дали е на осми кога вие закажувате нова седница. И тука би сакал, господине претседателе за приватизација на Електростопанство, за реформите во здравството, клучни прашања, Не би смееле да закажете седница за 8 мај. Пред тоа работен ден е само 7 мај, а работните Тела Не можат да расправаат. Нормално тоа е ваше право, но е и наше право.

Јас барам да Се изјасни Парламентот односно прво предлагачот, што нормално, да Се изјасни предлагачот дали се согласува, да каже дали Се исполнети сите елементи, бидејќи господар на законот е предлагачот. Ние како работни Тела можеме да сугерираме. Јас тоа право го извлекувам од тоа што сите пратеници во овој Парламент, на матичната Комисија за труд и социјална политика му дадоа поддршка, со тоа што морам да укажам, и Комисијата за труд и социјална политика бараше аналитички проценки. Не можеме да го рушиме системот, не можеме да го рушиме Буџетот, но информациите од Синдикатот се нешто поинакви. Владата не го удостои Парламентот со она што вие како претседател го баравте од нив. На тоа треба јасно да укажеме. Ние како пратеници не добивме дополнителни

аргументи, не знам дали ги има предлагачот, нека се изјасни предлагачот, тој е господар.

Инаку деловнички барам да се изјасниме, оваа точка да биде после точката за изборите и именувањата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш сакам да ве информирам дека јас бев прашан што сум разговарал и што сум ветил на делегацијата од Синдикатот. Јас тоа го кажав, тоа што овде ви го објаснив. Според тоа јас сум го претставувал Собранието, не сум се правел држава, многу добро знае Гештаковски дека не сум јас држава, не ни тој држава, сите заедно сме држава, тоа е друга работа и секој според функцијата што ја има, така и ја претставуваме државата и државните органи. Не сум ги пречекорил своите овластувања, туку останав и застанав токму на тоа што го утврдило Собранието, дека Собранието го утврдил редоследот на точките и точката е уврстена во дневниот ред. Исто ги информирав, што е моја обврска дека уште немаме мислење на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Тоа е моја задача да го кажам дека немаме мислење на Валдата. Досега Што немаме мислење што се пречекорени 15 дена, сето тоа е добро, нема пречки да разговараме и затоа кога ќе дојдеме на 19-та точка, ако нема мислење на Владата, се разбира, ние *ќе* расправаме за таа точка, без оглед дали дошло мислењето на Валдата или не. Но јас ниту сум ветил дека е предложам редоследот да се промени, ниту директно од Мене тоа така го бараа. Тие бараа да се расправа за таа точка. Дали по овој или оној ред, Не е битно, но такво Нешто Не сум ветил дека идната недела ќе расправаме , туку Дека тие работи треба да ги испратат, како што реков нивните нови аргументи и да го добиеме мислењето од Владата. Јас овде објаснив само за што сум бил праШан и ништо понатаму, како и тоа кој бил мојот став , според тоа, сум се придржувал во рамките на тоа што било тогаш правно релевантно ништо надвор од тоа.

Ако господинот Гештаквоски, по дописот, Сега предлага да го измениме редоследот, нема расправа, не можеме да го слушаме овој или оној, ниту предлагачот ниту некој друг, туку имаме релевантен предлог во согласност со Деловникот и тој предлог на Гештаковски го ставам на гласање.

Предлогот е да се измени редоследот, цело време за тоа зборува г-динот Гештаковски.

(Некои пратеници бараа збор.)

Можете да кажете само како ќе гласате, не можете да се изјаснувате по предлогот, не е ставен на расправа.

Повелете, можете да кажете, само како ќе гласате. По се што се гласа пратеникот има право да каже како ќе гласа.

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Како и да е, сватете го и како мое барање да ги искористам оние пет минути кои ми ги одобрува Деловникот за да се изјаснам како ќе гласам по предлогот. Но факт е Дека во постапка утврдена со Деловникот, господино протседателе, подобро од сите нас знаете дока не е битно кој што рокол, кој на кого вотил и што му ветил. Во случајот имаме постапка утврдена со Доловник и утврдон дневен ред. Ваше е решението кое е утврдено на 27 март оваа година, законот, предлогот и точката по која бараме расправа повеќе од еден месец Чека во Собранието да дојде на дневен ред. Имаме овластен предлагач, Владата имаше време месец Дена да Се произнесе и да достави мислење до Собранието. Тоа Не го направи и тоа е нивен проблем. Не е деловничка пречка прашањето на Немање мислење од страна на Владата за да Не расправаме, иако Се согласувам Дека треба и Владата да се произнесе кои би биле импликациите на евентуалното усвојување на предлогот за кој *ќе* расправаме, односно за кој е Се произнесеме. Но не може Владата да го опструира работењето на Собранието со фактот што нема да Се произнесе, а Собраниото поведувајки Се по таа логика Нема да расправа. Тоа е прашањето.

Затоа, г-дине претседателе, мислам ддка привидна е играта повторно точката да остане како точка 19, како таква или ваква , да Се оди на отсуство од Собранието и пак да Не расправаме.

Затоа, го подржувам прддлогот и *ќе се* изјаснам за предлогот точката да Се помести и да дојде Веднаш по точките за избори и именвуања, продложони од Комисијата за прашања на изборите и имднвуањата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали г-динот Чифлиганец Се пријавува за збор за да каже како Ќе гласа? (Да)

Има збор г-динот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јa користам приликата да кажам како *ќе* гласам. Иако беше комплексен и колегата Гештаковски, сакам да се произнесам зошто ќе го подржам предлогот или во спротивно зошто нема да го подржам.

Ако ние како Собрание на Република Макеоднија 104-та седница сме ја дефинирале со 28 точки, од страна на претседателот на Собранието г-динот Стојан Андов и од стран ана апаратот кој го има околу себе, мислам дека тој го предлага , а останатите 119 пратеници ја даваат можноста за приоритетот на прашањата и поаѓајки од приоритетот на прашањата односно на тие 28 точки, останатите пратеници се изјаснуваат. Јас како пратеник максимално ќе се заложам за предлогот точката 19- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон, да биде приоритетно прашање на денешната седница. Значи, да расправаме денес или најдоцна во текот на утрешниот ден.

Образложение: Ги респектирам сите барања од страна на Сојузот на Синдикатите на Македонија, како пратеник и како член на Комисијата за стопанство, ние како Собрание на Република Макеоднија, како пратеници треба да не дозволиме уште еднаш да се случат работничките незадоволства, немири и протести, а не навлегувам во оценката дали требало или не требало и со какви последици завршија работничките немири, а јас ќе кажам нивните незадоволства. Јас ги почитувам нивните барања и затоа г-дине претседателе до Вас се обраќам. Дајте ни можност, тоа што го рече г-динот Гештаковски и г-динот Зибери ова прашање да биде под реден број 3, за него да расправаме, а за крајните законски одредби и нивното усвојување да и дадеме можност на Владата на РМ во текот на утрешниот ден да донесе конечен став по овој предлог на закон. Да не чекаме немири наредната недела, затоа што дали Се 5 иљјади, 7 иљјади, а утре ќе бидат 70 иљјади, Вие како претседател на Собранието и ние како пратеници мислам дека можеме тоа да го направиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ**:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Поради преземената обврска на нашата политичка партија и како член на Комисијата за трид и социјална политика ние исто така бараме оваа точка да биде по можност прва точка на дневниот ред на 104-та седница, бидејки таква обврска Зедовме пред Синдикатот и воедно и да го подржиме законот. Затоа, ќе опстоиме на предлогот да биде прва точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Слободан Даневски, само Ве молам кажете како ќе галсате, ништо друго.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Бев повикан од г-динот Гештаковски како овластен предлагач или како што милува да коментира г-динот Гештаквоски " господар на законот" предлагач е Слободан Даневски. Јас Не отстапувам од законот, јас го предложив, но при работата на Комисијата која ја водеше г-динот Гештаковски и беше присутен, но не влезе во записникот, мое барање до претставниците на Синдикатот беше да достават сеопфатна анализа колку луѓе ќе третира овој закон. Бидејки овој предлог на закон го предложивме заедно со Синдикатот, никакви измени немаше на текстот кој го даде Синдикатот, информациите покажаа и во разговор со дел од раководството на Синдикатот, со г-ѓа Јанкуловска и потоа со г-динот Муратовски разговаравме на два пати, но не ги добивме анализите за колку вработенис е работи, за колку години и колку ќе трае. Дојдовме до општ заклучок дека законот е општ, законот е широк и не ги опфаќа сите, не ги опфаќа сите во Свети Николе, не ја опфаќа " Македонка", потоа "Рудници-Батерии"-Злетово, Не ја опфаќа "Порцеланка", "Стружанка" и многу други фирми. Тоа беше укажувањето на г-динот Муратовски. Се договоривме да направат уште по опширна анализа. Немојте сега на маката на работниците , некој што ги натерал, сега да ќарува поени. Кој ги натера да бидат загубари, да не се враќаме на тоа кој прв почна, кој ги направи загубари...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, кажете само како ќе гласате.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Нека биде ова официјално, барам Владата да донесе односно да достави мислење, затоа што тоа е многу важно. Има некои најави во разговор со

претставниците од Владата дека Валдата прави напори дел од оние лица кои се сега со 1500 денари износот да им го зголеми на 6000 илјади денари, потоа дека се дадени во постапка 6 загубари кои ќе бидат решени со стратешки партнер и откако ќе се направи целата сеопфатна анализа, ќе се види колкава бројка ќе биде, се намалува бројто на сите тие лица и Владата е подготвена да даде свој предлог во контекс на ова што јас како Слободан Даневски го предложив во законот.

Останувам на моето барање да остане како точка 19 од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувани пратеници, јас имам забелешка на излагањето на г-динот Даневски...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш немате право воопшто да зборувате.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ќе кажам мое мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, излагањето негово не е на расправа.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

На а на расправа, слушнете ме прво што ќа кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исклучете го г-дин Симав.

Г-дине Илија Илоски, кажета само како ќе гласата.

(Г-динот Вангал Симав се упатува кон говорницата)

Седнете си на Место.

Ве молам од обезбедувањато, да го тргната г-динот Симав од овде. Пречи во работата на Собраниато. Седете си таму.

Господинот Илија Илоски има збор, никој нама право, ни г-динот Вангел Симав да му прачи. Виа садете си на своа масто.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван пратседатале, почитувани господа пратаници,

Сакам да *се* изјаснам дака јас ќа гласам за предлогот на г-динот Гештаковски, овој закон да се стави како втора точка од днавниот ред, после тие приоритети што ги утврди Парламентот, од проста причина што мислам дака ако Се остави на ова место на кое е сега, воопшто нема да дојда на днаван рад самиот закон до пред првомајскита и велигденскита празници, а прашања *е* дали и посла тоа , имајки ја прадвид ефикасноста на работањато на Парламантот, ќе дојде на дневан рад.

Сакам да го искажам мојот став и ставот на СДСМ воедно, дека сме за тоа од проста причина што треба под итно да се реши тој проблем на еден голем број работници, затоа што сакале или не сакале да признаеме, под притисок на социјалата тоа е го решаваме во присуство на масовни протести пред Парламентот. За да Не го направиме тоа на тој начин и за да донесеме некој по коректен текст на законот, добро е ние сами без никакви притисоци да расправаме, без никој да си го зема правото априори да оцени како и на кој начин по тој матаријал овој законодавен дом ќе одлучи.

Исто така, би сакал да му посочам на предлагачот дека кога се прави ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, кажете само како ќе гласате.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Еве, кажувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Друг пат ќе кажете на прадлагачот, сега не е тоа.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине претседателе, сакам и на Вас да Ви посочам немојте многу да се нервирате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не се нервирам, мене не можате да ми посочите, немате право. Ако имате забелешка, можете, ништо друго.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас не можам со вашиот вокабулар да зборувам .

**СТОЈАН АНДОВ**:

Сага престанете, исклучете го и г-дин Илоски.

Има збор г-динот Вангел Симев, ама да каже само како ќе галса, само тоа.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувани пратеници, Владата нема право да кажува како ние ќе гласаме и законите како да ги донесуваме. Бидејки имаме и друг закон за денационализација, Владата немаше земено предвид кои граѓани ќе бидат обештетени , зошто ќе бидат обештетени и колку ќе чинат тие обврзници. Затоа јас сакам да кажам

дека Даневски нема право да кажува Владата нам да ни кажува колку тоа ќе чини.

Од тие причини барам овој закон да се постави денес како прва точка .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе гласам воздржано. Ќе кажам како ќе гласам и зошто така ќе гласам. Ќе гласам воздржано од едноставна причина што не сум убеден во искрените и чесните намери на господата кои претходно говореа, затоа што истите тие господа сите овие загубари ги доведоа до ова дереџе во кое денес се наоѓаме. Тоа е првата работа и едноставно како човек не сум наклонет на лицемерие, кое денес можевме да го видиме и да го слушнеме од господата од левата страна дијагонално од мене.

(Се слушаат зборовите "што е сега ова" искажани од пратеник).

Значи ќе гласам воздржано од таа причина.

(Реакции).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина!

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Кажувам зошто *ќе* гласам воздржано. За да кажам зошто ќе галсам воздржано, морам да ги кажам причините.

(Пратеникот Илија Илоски се уфрла со зборовите " И ние причините ги кажуваме").

Не, Иљо, ти приказни кажуваш, не причини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не се спори од говорницата со поединци.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе гласам така затоа што не верувам во искрените намери , затоа што давам квалификација дека ова е класично лицемерие.

И уште една работа што е многу битна. Затоа што искрено сочувствувам со сите тие кои се на улица, но има една многу битна работа, што претседателот на Синдикатот г-динот Муратовски стана партиски војник на СДСМ. Од таа причина сметам дека некој сака овде да манипулира и со нашите чувства, а пред се со чувствата на сите тие кои се на улица.

И трета работа, треба да се сочека извештајот на Владата, за да можеме овде полноважно да донесеме одлука. Тоа е причината поради што ќе гласам воздржано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, се изјаснувам дека ќе гласам за предлогот на пратеникот Гештаковски од овие причини.

До нас пратениците од страна на Сојузот на Синдикатите на Македонија е доставен допис во кој се искажани точни бројки колку граѓани работници остануваат како технолошки вишок, колку работници ќе одат во пензија користејќи го правото на осумнаесет месечно користење на помошта што сега важи според Законот и се искажани анализи колку оваа држава Република Макеоднија месечно ќе ја чинат вработените кои остануваат како технолошки вишок, или поточно 345 илјади евра ќе чинат работниците или годишно околу 4 милиони евра.

Сакам законот да дојде на дневен ред, да кажеме дали Македонија има можност годишно да обезбеди 4 милиони евра. Затоа , ќе гласам што побрзо, во интерес на работниците, во интерес на сите нас овде што седиме .

На крајот да кажам, некој се обраќа лево. Овие што седат лево од говорницата овој закон не го предложија. Не е предлагач СДСМ и нека се обраќаат на предлагачот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

(Повторно бара збор г-динот Илија Илоски, кој вели "не докажав како ќе гласам").

Не можете, веќе го искористивте своето право.

Има збор г-динот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал накусо да се произнесам во врска со предлогот на мојот колега Гештаковски и веднаш уште на почетокот би сакал да кажам дека целосно ќе го подржам, како впрочем, претпоставувам, и поголем дел од останатите пратеници, без разлика дали припаѓаат на други пратенички групи, бидејќи станува збор за еден многу чувствителен, егзистенцијален и важен проблем со кој се соочува РМ денес. Тоа е првиот мотив.

Вториот мотив поради кој исто така ќе го подржам овој предлог е следниот. Овој допис кој што е доставен од страна на Синдикатот, тој внимателно го читам, на 4 април , каде што се дадени детални податоци за тоа колку Буџетот на оваа Република ќе го чини, доколку биде донесен овој закон, каде што е кажано колкав е бројот на вработени со работен стаж над 25 години, над 55 години старост.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Станува збор за 4.000.000 евра за кои што по некои мои претпоставки Не е ниту 0,0% од коруптивниот плен на владеачките партии со кои што денеска тие владеат.

Трета причина, овој закон исто така мислам дека треба да биде точка 1 е заради тоа што од спротивни причини од колегата Флоровски кој што Се сомнева во вистинските намери на нас пратениците кои што се залагаме оваа точка да биде прва на денешнава Седница, јас исто така Се сомневам во вистинските намери, или поточно кажано во манипулациите на кои што сме изложени повеќе од месец и пол Дена од страна на предлагачот на овој закон, тоа е г. Дандвски со една вредна асистенција на г. претседател на Собранието кој што по никоја цена никако да дојде законот и барањата кои што Се доставени од Синдикатот да биде ставен како точка број 1.

И на крајот јас го поставувам и следното прашање, ако Се случи На пример Да ги исцрпиме сите точки од дневниот ред и да дојдеме до точка 19, г. претседателе на Собранието, значи ли тоа Дека ние Ќе застанеме тука и Нема да расправаме?

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседатееле, почитувани колеги пратеници, Исто така сакам да кажам како Ќе гласам по повод овој предлог -Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на Невработеност, со Предлог на закон, мислам Дека ние како парламентарен дом, односно законодавен дом треба оваа точка да ја ставиме како прва точка на дневен ред. И никаде по Д9ловникот Не сме обврзани Дека треба да бараме мислење од Владата. Мислам Дека со барање на мислење од Владата ние се ставаме во подредена улога на Владата. Сакам да кажам дека Владата ја бираше овој парламентарен дом, а Владата не го бираше овој парламентарен дом. Од тој аспект сакам да кажам дека ние како законодавен дом ние ги носиме законите согласно тоа и согласно Уставот должни сме да расправаме по овој закон и овој предлог треба да се стави на гласање и онака како што ќе одлучи мнозинството треба да се постави на дневен ред без претходно мислење од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да напоменам. Не е точно дека нема деловничка обврска да се бара мислење од Владата ако е друг предлагач. Тоа не е точно.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Сакам да упатам една деловничка забелешка дека ние се изјаснвуваме како ќе гласаме не за некаков законски текст сега што треба да го гласаме, туку се изјаснуваме по предлогот на Гештаковски дали точката која веќе е утврдена треба да биде точка 19, или прва. Ако беа искрени претходните говорници и говореа дека сакаат што побрзо да дојде точката на дневен ред, оваа 19-та точка, тогаш требаше веднаш како што вие предложивте да поминеме на гласање за таа точка и да го расчистиме прашањето, а не вака сега, сите колку се тие искрени во своите намери брзо да дојде точката покажува нивното јавување на социјалдемократите секој како се изјаснува за оваа точка како ќе гласа. А се работи за обична деловничка работа, дали да биде прва, или точка 19. Немаме ние гласање за некаков законски текст.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**:

Барам реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема реплика на ова. Ве молам, Нема реплика, деловничка забелешка. Не ја прифаќам забелешката. Тоа е моја работа, ништо друго, не е ваше. Секое гласање е определување на пратеникот и пратеникот има право да каже како ќе гласа по било што. Тој не бараше збор за да каже како Ќе гласа. Нему му беше деловничка забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Сметам дека координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, тој не е искрен во основа, бидејќи ни префрлува. Деловничката интервенција е согласно член 38 став 3. Овој Парламднт Се изјаснуваше дали оваа точка 19 да биде прва. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ тогаш преку координаторот или друг член укажа: ни треба време да се усогласиме. Помина месец Дена од тогаш, деловничкото укажување, тоа време му истече на ВМРО-ДПМНЕ и на Владата му истече г. претседателе деловнички, вие

добро објаснувате да кажете дека 15 дена е. На пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ му истече времето за размислување. Еднаш се изјаснија и Парламентот го почитуваше. И ова деловнички не е барање на Гештаковски, ова барање е на Сојузот на синдиактите со допис преку претставникот овластен, овластен преставник Гештаковски како пратеник, едини овластен пратеник. Иницијативата г. претседателе е на Сојузот на синдикатите. Преку разговорот со вас и преку разговорот со претседателот на Комисијата за труд и социјална политика и преку писмен доказ до претседателот на Собранието, иницијатива. Бидејќи никој друг не може да биде согласно тоа предлагач за измена на дневен ред тоа може да биде пратеник, тоа може да биде Влада, но тоа можат да бидат и 10.000 граѓани. Иницијатива има од Синдикатот. Таа иницијатива јас како по функција сум должен, како што вие што сте должни како претседател на Собрание кога ќе ги примите одредени претставници во името на Собранието, јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика сум должен да ја поставам иницијативата на Синдикатот како овластен барател и ја поставувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме. Овде нема пратеници кои се овластени претставници на овој, или на оној, па ниту на Синдикат. И никој не е овластен претставник. Секој си е пратеник и има право да покрене процедурално прашање, да даде и еден предлог и друг предлог.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Или не сакате да ме разберете, или ме интерпретирате погрешно. Точно е дека никој не е овластен, но секој е должен во името на орган, јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика доколку примам одредени претставници да ги информирам членовите, или претседателот на Собранието, или одреден орган. Вие како претседател на Собранието на РМ, во 120 пратеници сте должни и затоа врз основа на вашето деловничко право како претседател ни го доставивте овој акт. Никој не е претставник на никого. Сите сме претставници на граѓаните, одлучуваме по својата совест, господине претседателе, така пишува во Уставот, а совеста на секој пратеник особено ако е функционер е да ги застапува граѓаните, здруженија и организации. Мислам дека нема никаков проблем, барањето е писмено, кое вие ни го доставивте. Вие ни го доставивте ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се што добивам, а е од интерес на пратениците, го доставувам веднаш до пратениците. И затоа го имате и тоа.

Сега да продолжиме кој како ќе гласа.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Јас како и првиот пат, бидејќи ова е втор пат како гласаме за место на дневниот ред на оваа точка, ќе гласам против. Ќе гласам против затоа што законот кога ни беше доставен онака краток и концизен веќе имаше одредени огромни пропусти заради кои што Синдикатот реагираше и благодарение на тоа што, на моите контакти со Синдикатот ние остваривме средба во просториите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, каде што договоривме соодветна амандманска интервенција. Таа амандманска интервенција беше дадена во 12,00 часот. Поучени од тоа Синдикатот, или моите колеги од другите политички партии поучени од тоа веќе во 12,30 часот го даваат новиот амандман со кој што се открива една мошне фина и тактичка игра околу сета таа работа. Заради тоа за да ми се расчистат сите мои дилеми во однос на носењето на овој закон, јас ќе гласам против тоа да овој закон биде прва точка на дневниот ред. И апелирам оваа точка да си остане 19.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе гласам за предлогот на колегата Гештаковски најмалку од две причини.

Првата причина е, сметам дека заради важноста на материјата која што ја регулира законот кој што закон впрочем ние се обидовме во иста содржина и двајцата да го поднесеме пред Парламентот во регуларна деловничка процедура, но со оглед на тоа што ние сме тие двајца и сме од опозицијата, тогаш и така одлучи позицијата, па Не се стави на дневен ред тогаш. Па затоа ќе ја искористам оваа прилика да се произнесам по овој закон што е можно поскоро, тоа значи да биде точка во дневниот ред, бидејќи сметам дека сето она што во претходна постапка во работните тела и на состаноците кои што беа во врска со овој закон и од поширок состав се допрецизираа сите елементи кои што требаше да ја презентираат целокупната состојба во оваа сфера која што е во допирни точки со закнот. Тоа е првата причина.

Втората причина која што исто така ми дава за право да гласам за предлогот е тоа што можев да го прочитам од дописот од Сојузот на синдикатите на Македонија, кој што е доставен до нас, а кој што се однесува на разговорот ваш со нив, г. претседателе, па имајќи во предвид дека вие не претставувате во контактите внатре во земјава и надвор по поедини прилики, во оваа прилика сте зеле обврска, или е постигнат договор ова да биде прва точка на дневен ред. Така што почитувајќи го тоа што вие го имате направено со нив, јас ќе го почитувам и *ќе* го поддржам да биде како прва точка. Само очекував тоа да биде покренато од ваша страна, со оглед на обврската која што ја имате превземено. Впрочем и кога видов дека на ваков начин денеска Се води седницата во отсуство на претседател на држава и вие ја водите седницава што порано не сте го практикувале, ценев дека тоа го правите и заради тоа да ја постигнете таа цел која што ја имате договорено со Сојузот на синдикатите.

Што Се однесува за вистинските, или не вистинските намери, колеги пратеници, ајде да се договориме сите да имаме вистински намери, да биде прва точка во дневниот ред, да го донесеме законот со консензус па да не се сомневаме меѓу себе кој има вистински, или невистински намери. Како ќе се произнесеме по законот, тогаш јавноста може да процени кој има вистински, а кој невистински намери во однос на законот.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници,

Сакам да се изјаснам како ќе гласам, да кажам веднаш дека ќе гласам против од неколку основни причини.

Прво, не ми е јасна улогата на Синдикатот во овој период од преземањето на г. Муратовски. Никаде во светот Синдикатот не се бори работниците да му одат во пензија. Јас не видов кај него иницијатива да седне со Владата да разговара за развој, да разговара за вработување, да разговара за градење на фабрики, да разговара колку ќе се вработат од тие работници повторно при реактивирање на загубарите и тн.

Втора работа, темата е пречувствителна за да овде ние се однесуваме како дел бранители, дел небранители на овие стечајци, затоа што ние имаме во период од 10 години многу стечајни работници, многу загубари, многу ликвидирани фабрики, а одговорноста на пратениците е каква ќе биде позитивната клима меѓу народот. И овде на ваков начин и позицијата и опозицијата има одговорност за климата вон Собранието. Значи како дискутираме, ако го делиме народот надвор, а со нашето однесување тука го делиме, ќе ни се случуваат штрајкови, а можеме многу посериозно да разговараме, да го имаме мислењето. Не можам да поверувам дека некој кажа Синдикатот дава податоци. Па можеби на Синдикатот не му се точни податоците, можеби сака да не му бидат точни податоците. Па имаме инситутуции, имаме Влада, имаме статистика, имаме Завод за вработување. Знаеме колку ќе се вработат, Владата знае, веројатно договара со потенцијалните стратешки партнери. Навистина не треба да се појавуваме како бранители.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Како ќе гласам за предлогот на г. Александар Гештаковски како член на Комисијата за труд и социјална политика ние дадовме виза да се расправа за овој Предлог закон. Јас мислам дека треба да остане 19-та точка на дневниот ред, бидејќи од тоа што го кажа и претходниот дискутант Слободан Даневски дека има уште фирми кои треба да влезат во списокот на стечајците. На пример во Гостивар, Силика, Горни Полог и неколку други фирми на кои што не им е решен статусот. Мислам дека Владата и Синдикатот и другите институции кои треба да достават таква документација колкава е бројката на фирмите и на работниците, јас мислам дека кога досега чекале стечајните работници, нека почекаат уште една недела, или колку ќе биде еден месец барем да се реши за сите граѓани, и сум да остане како точка 19 на дневниот ред.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи координаторот на пратеничката група на ВМРО-Македонска го искажа ставот на пратеничката група, меѓутоа по изјаснувањето на голем број на пратеници чувствувам обврска и желба и јас да кажам лично како ќе гласам за овој закон. Сакам да кажам дека чувството на одговорност кон проблемот и Тежината, бремето кое е натежнато врз овие работници и одговорноста пред се на Парламентот за да расправа за ова прашање е одлучувачко да гласам за, за него. Зошто? Бидејќи Парламентот не може да избега од одговорноста за проблемите и за состојбите на работниците кои го бараат ова од една страна, како и чувството на овие работници на отфрленост од системот и Дека се жртва на транзицијата што ги тера на вакви потези како што се спремање на штрајкови и сл. Сметам дека

Парламентот на РМ, треба да е одговорен спрема оваа состојба и да биде конкретен и да Се изјасни за ова оправдано барање барем да се расправа во Собранието на РМ. Сметам дека периодот кој е поминат над еден месец во Владата, во лавиринтот на Владата е доволен период за да се потрошат скоро пари за реклами и за корупција во државата и од страна на Владата за колку што треба да Се обезштетат овие работници и Не гледам никакво лицемерие од оние кои сме за да се расправа ова Веднаш во овој момент за овој проблем, бидејќи ние Не сме ни предлагачи. Предлагач е г. Даневски колку што знам, а тој Не Се залага да оди предлогот напред. Според тоа, Нема никакво лицемерие да Се залагамд за еден проблем кој го поставил сосема друг предлагач, овластен предлагач. И за мене е ндсфатливо да бараме податоци од Сојузот на синдикатите и од другите органи кога оваа држава има институции над кои има власт и ингеренции овој Парламент и може да бара од нив релевантни податоци за да може да расправа. И можеше да бара до овој период ако сакаиш да расправа, можеше и во Текот на расправата преку заклучоци и слично. Затоа барам сите пратеници да бидеме на ниво на задачата и да гласамд за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи бев многу прозван да кажам и-јас како ќе гласам.

Јас ќе гласам против предлогот на Гештаковски. Сам не го дадов заради тоа што сум убеден дека е потребно да расправаме кога ќе ми дојде времето, кога ќе дојде на дневен ред како што е поставен и кога ќе завршат разговорите меѓу Владата, Светската банка и Синдикатот. Тие се во тек и очекувам во таа постапка да добиеме сосема други информации од страна на Владата и очекувам да имаме многу повеќе елементи благопријатно, поволно да го решиме токму за најзаинтересираните.

Тоа е мојот став.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Мојата интервенција е од процедурален карактер.

Ова што го рековте вие на крајот практично е одговор на сите дилеми што беа овде поставувани, еден час и нешто убедувајќи се дали точката треба да биде прва или 19-та.

Јас поставувам прашање, до колку биде за половина час или 40 минути до еден час, ги апсолвираме сите точки до 18-та дали ќе расправаме по 19-та точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не гледам процедурална забелешка, има една голема радозналост кај г-динот Петковски. Ќе почекаме ќе одговориме.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**:

Г-дине претседателе во вашето последно излагање, како претседател на Комисијата ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пак таа расправа, ве молам. Јас само кажав како ќе гласам.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Процедурално, лично како пратеник, а сакам јас процедурално како претседател на Собрание до колку вие како претседател на Собрание кој го претставувате Собранието ги имате сите релевантни информации од Влада, од Синдикат, мене како претседател на Комисијата за труд и социјална политика ме информиравте, кажавте дека што имате должност процедурална, бидејќи вие го претставувате Собранието јас ја претставувам Комисијата, вие ќе ми кажете дека имате одредени сознанија за поволно решение за Синдикатот.

Вие како претседател на Собрание ако кажете дека при крај се разговорите за решавање врз основа на сознанијата кои ги имате во контактите како претседател на Собрание, со Влада, со Синдикат и со сите други субјекти тогаш би размислил, не е битно дали точката е прва или 19-та. Битно е да се реши прашањето, но битно е претседателот на Собранието што ги превзема обврските пред Синдикатот кој писмено ни ги доставува да ги извршува, а не да се манипулира. Ако имате такви инфор-мации како претседател на Собрание а не како г-дин Стојан Андов прате-ник информирајте го Собранито и во согласност со интервенцијата на г-динот Тито Петковски кажете Парламентот утре во 11,00 часот, ќе рас-права за ова многу важно и битно прашање. Искористете го авторитетот на претседател на Собрание во име на 120 пратеници викнете го претсе-дателот на Владата, министерот нека го дадат мислењето за утре во 11,00 часот и ако земете таква обврска, а го имате тоа право ќе го повлечам мојот предлог.

Ова е согласно Деловникот и Уставот на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не барав од г-динот Гештаковски да го повлече својот предлог. Ако сака нека си го задржи, а ако сака нека го повлече. Јас кажав дека се во тек разговори. Јас неможам да кажам дека е готово,разговорите се во добар тек и на добар пат.

Молам, останувате ли напредлогот?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да гласаме.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата. (пратениците влегуваат во салата)

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 22, воздржано гласале 20 и против 21.

Констатирам дека...

Г-динот Љубомир Поповски се јави процедурално во процесот на гласање.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето барам подршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

(некои пратеници креваат рака)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има пдршка од 11 пратеници.

Ве молам изведете поединечно гласање.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА**:

ЈОНУЗ АБДУЛАИ -не е тука
АБДУРАХМАН АЛИТИ -за
АБДУЛА АЛИУ - за
ЌАНИ АЛИУ -воздржан
МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ - не е тука
СТОЈАН АНДОВ -против
КИРИЛ АНДОНОВСКИ -не е тука
МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА-за
ЉУПЧО АНУШЕВ -против
АМДИ БАЈРАМ -не е тука
ДЕМУШ БАЈРАМИ -не е тука
ФАДИЛ БАЈРАМИ -воздржан
ДИМИТАР БАТКОСКИ -воздржан
МЕРСЕЛ БИЉАЛИ -не е тука
ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА -против
ЈОРДАН БОШКОВ -не е тука
ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ -за
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ -не е тука
СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ - не е тука
ВАСИЛ ГАЏОВСКИ -воздржан
МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ -воздржан
ТРАЈКО ГЕШОСКИ -воздржан
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ- за
ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ -против
ПЕТАР ГОШЕВ -не е тука
СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ -против
Замир Дика -воздржан
ВАНЧО ГОРГИЕВ -не е тука
ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ -не е тука
ФАТМИР ЕТЕМИ -воздржан
ВАСИЛ ЕФТИМОВ -против
НАСЕР ЗИБЕРИ -не е тука
ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО -не е тука
МИРКО ИВАНОВ -за
ИЛИЈА ИЛОСКИ -за
ДЕЛЧЕ ИЦКОВ -против
ЖАРКО ЈАНКОСКИ -против
НИКОЛА ЈОВАНОВ -воздржан
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА -против
МАРИКА ЈОРДАНОВА -против
НАЗМИК АДРИУ - не е тука
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ - не е тука
ЖАРКО КАРАЏОСКИ -против
РЕНАТА КЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА-против
МИТКО КИРОВ -не е тука
ЛАЗАР КИТАНОСКИ -за
САВО КЛИМОВСКИ -не е тука
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ -за
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ -против
ИЛИЈА ЛАЗАРОВ -не е тука
ГОРАНЧО ЛАЗОВ -против
БИЛАЛ ЉУТФИИ -не е тука
ЈАНИ МАКРАДУЛИ -не е тука
ВАСЕ МАНЧЕВ -воздржан
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА- нее тука
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА -воздржан
ДИСПИНА МАРКОВСКА -против
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ -за
ДРАГАН МИТЕВСКИ -не е тука
КИРИЛ НАСТЕСКИ -за
РУБЕНС НАУМОВСКИ -против
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ -против
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ -не е тука
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ -не е тука
ВАНЧОПАНЧЕВ -против
ИЛИЈАПЕМОВ -против
ТИТО ПЕТКОВСКИ -за
ЧЕДОПЕТРОВ -не е тука
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ -против
АЗИС ПОЛОЖАНИ -не е тука
СТОЈАН ПОПОВ -не е тука
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ -за
НИКОЛА ПОПОВСКИ -не е тука

| | |
|---|---|
| ИЛИЈА ПРАНГОСКИ | -не е тука |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | -не е тука |
| ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ | -против |
| НЕНАД РИСТОВСКИ | -за |
| АЦЕ САЈКОСКИ | -против |
| АСЛАН СЕЛМАНИ | -за |
| БОРЧЕ СИБИНОВСКИ | -против |
| ВАНГЕЛ СИМЕВ | -за |
| РИСТО СПАНАКОВ | -воздржан |
| КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ | -воздржан |
| ГОРЃИСПАСОВ | -не е тука |
| МИЛАНСТАВРЕВ | -не е тука |
| НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | -не е тука |
| ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | -воздржан |
| ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ | -против |
| БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | -за |
| ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ | -за |
| ВЛАДО СУГАРЕВСКИ | -воздржан |
| ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | -не е тука |
| РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | -не е тука |
| МУХАМЕДТАИРИ | -не е тука |
| АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ | -против |
| МЕВЉАНТАХИРИ | -не е тука |
| МИТКО ТИЛЕВСКИ | -воздржан |
| ГОРГИТОДОРОВ | -не е тука |
| РИСТОТОДОРОВ | -за |
| ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ | -воздржан |
| ПАНДЕ ТОМОВ | -воздржан |
| КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ | -воздржан |
| ГОРАНЧО ТРАЈКОВ | -воздржан |
| ТАНАС ТРАЈКОВСКИ | -не е тука |
| АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ | -воздржан |
| БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ | -не е тука |
| СЛОБОДАН ЌОСЕВ | -не е тука |
| ТАКИ ФИТИ | -не е тука |
| АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | -воздржан |
| ИЛЈАЗ ХАЛИМИ | -не е тука |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | -не е тука |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | -за |
| КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА | -не е тука |
| БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | -не е тука |
| МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ | -не е тука |
| ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | -за |
| АРБЕН ЏАФЕРИ | - не е тука |
| АЛИЈА ШАХИЌ | -не е тука |
| РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА | -не е тука |

**СТОЈАН АНДОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Гласале 68 пратеници, за гласале 21 пратеник, против гласале 25 пратеници, воздржано гласале 22 пратеника.

Констатирма дека Собранието не го усвои овој предложен закон.

Љубомир Поповски бара збор.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**:

Процедурално се јавувам и ве молам објаснете ми, за да не се прават или да не се создава сомневање околу регуларноста на ова гласање, кој е моментот кога ја затворате листата за поединечно изјаснување. Значи, да се знае моментот кога е, за да не направиме одредени грешки.

Второ, ве прашувам дали вие имате право да гласате, бидејќи во моментов го заменувате и претседателот на државата, кој што е на пат. Бидејќи, ако имате право е едно, а ако немате право, тогаш целокупното гласање е нерегуларно.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Се заклучува листата на гласање кога ќе ми ја достават. Дотогаш, листата кога ќе ми ја достават службите мене, до тогаш се гласа. Постојано тоа било така. Тоа било постојано и ве молам ќе паднете на тие трикови, тие не ви требаат.

За ова второто прашање, со одење на претседателот сега во Кина се договоривме кога ќе треба да го заменувам, од таму ќе ме извести точно. (Реакција на пратениците).

Повторно се јавува господинот Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСИИ:**

Јас не употребив таков израз за трикови, затоа што ова воопшто не е трик, а мислам дека вие што го дадовте одговорот ми личи повеќе на трик. Значи, ако вие се договорите со претседателот сте и над Уставот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам само нешто да ви кажам, секогаш кога е претседателот надвор од земјата, не е секогаш ако тој не рекол дека тогаш го заменува, овластен да го заменува. Такво пример ние имавме и се покажа дека не е така. Да не го истакнувам овде конкретно. Тоа е решено и установено со Одлука на Уставен суд.

За реплика се јави господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Сакам процедурално да кажам, односно ме поттикна дискусијата и малку ме заинтигрира, ме заинтересира одговорот на господинот Андов дека претседателот на дражавата, господинот Трајковски од таму ќе ве извести. Ако евентуално се сомнева во вашата замена, дали Република Македонија

моментално ќе биде без претседател да го заменувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашањето е на работ на умноста. Нема да одговарам на тоа. (Реакција од пратениците).

Господин Ванчо Чифлиганец.

Само, господине вие не направивте никаква деловничка забелешка,

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**:

Господине Андов, што е тоа на работ на умноста?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исклучете го господинот Чифлиганец, ве молам.

Минуваме на точка 21 - Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот за разрешување и мислешето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Васил Гагачев од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам ќе го повториме гласањето.

Молам, службите нека пребројат колку има присутни пратеници во салата.

Да го соопштиме резултатот.

Вкупно гласале 52 пратеници, за гласале 51, воздржано гласал еден, никој не гласал против.

Ве молам, да видиме колку пратеници има во салата.

Имаме 59 пратеници во салата.

Значи, немаме доволно и молам пратениците нека влезат во салата, гласањето не важи.

Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата. Има доволно пратеници да гласаме.

Процедурална забелешка сака да даде господинот Чедо Краљевски.

**ЧЕДО КРАЉЕВСКИ:**

Претседателе, пред малку имавме една точка која едвај ја апсолвиравме сега. Тоа беше предлогот на Гештаковски дали точката за загубарите за предвремено одење во пензија да биде прва или 19 точка. Еве, сега имаме прилика да видиме на дело со излегување на пратениците од СДС дека се кочи брзината и динамиката да се стигне до 19 точка. Ако беа тука, ќе се изгласаше оваа работа и досега ќе беше без проблем и работите ќе одеа по редот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе нема потреба за носење на нов деловник. Од вас зависи работата во Собранието. Ако вие сте заангажирани, како што бевте заангажирани кога се вршеше ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исклучете го господинот Ванѓел Симев. Нема забелешка кај него.

(Реакција од пратениците).

Ве молам, пратениците да бидат сериозни. Треба сериозно да се врши функцијата.

Молам, повикајте ги пратениците да дојдат во салата за да можеме да работиме.

Молам, да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Молам, тоа да се утврди поименично.

Нека секретарот на Собранието утврди точен број на присутни пратеници во салата. Мора да се знае кој е пратеник и кој има обврски овде, а кој е неоправдано отсутен. Да се биде пратеник е големо право, ама и голема обврска.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА**:

| | |
|---|---|
| ЈОНУЗАБДУЛАИ | -тука |
| АБДУРАХМАН АЛИТИ | -не е тука |
| АБДУЛААЛИУ | -не е тука |
| ЌАНИАЛИУ | -тука |
| МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | -не е тука |
| СТОЈАНАНДОВ | -тука |
| КИРИЛ АНДОНОВСКИ | -тука |
| МАГДАЛЕНААНТОВА-ЕЛЕВСКА | -не е тука |
| ЉУПЧОАНУШЕВ | -не е тука |
| АМДИБАЈРАМ | -не е тука |
| ДЕМУШ БАЈРАМИ | -не е тука |
| ФАДИЛБАЈРАМИ | -тука |
| ДИМИТАР БАТКОСКИ | -тука |
| МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | -не е тука |
| ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | -тука |
| ЈОРДАНБОШКОВ | -не е тука |
| ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | -не е тука |
| АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | -не е тука |
| СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | -не е тука |
| ВАСИЛ ГАЏОВСКИ | -тука |
| МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | -тука |

ТРАЈКО ГЕШОСКИ -тука
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ-тука
ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ -тука
ПЕТАР ГОШЕВ -не е тука
СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ -тука
ЗАМИР ДИКА -тука
ВАНЧО ЃОРГИЕВ -не е тука
ИЛИЈА ЃОРГИЕВ -не е тука
ФАТМИР ЕТЕМИ -тука
ВАСИЛ ЕФТИМОВ -тука
НАСЕР ЗИБЕРИ -не е тука
ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО -не е тука
МИРКОИВАНОВ -не е Тука
ИЛИЈАИЛОСКИ -не е тука
ДЕЛЧЕИЦКОВ -тука
ЖАРКО ЈАНКОСКИ -тука
НИКОЛА ЈОВАНОВ -тука
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА -тука
МАРИКА ЈОРДАНОВА -тука
НАЗМИКАДРИУ -тука
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ -не е тука
ЖАРКО КАРАЏОСКИ -тука
РЕНАТА КЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА-не е тука
МИТКОКИРОВ -не е тука
ЛАЗАР КИТАНОСКИ -не е тука
САВО КЛИМОВСКИ -не е тука
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ -тука
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ -тука
ИЛИЈА ЛАЗАРОВ -не е тука
ГОРАНЧО ЛАЗОВ -тука
БИЛАЛ ЉУТФИИ -не е тука
ЈАНИ МАКРАДУЛИ -неетука
ВАСЕМАНЧЕВ -тука
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА-не е тука
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА -тука
ДИСПИНА МАРКОВСКА -тука
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ -не е тука
ДРАГАН МИТЕВСКИ -не етука
КИРИЛ НАСТЕСКИ -не е тука
РУБЕНС НАУМОВСКИ -тука
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ-тука
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ-
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ
ВАНЧО ПАНЧЕВ
ИЛИЈА ПЕМОВ
ТИТО ПЕТКОВСКИ
ЧЕДОПЕТРОВ
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ
АЗИСПОЛОЖАНИ
СТОЈАНПОПОВ
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ
НИКОЛА ПОПОВСКИ
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ

ИСМЕТ РАМАДАНИ --не **е** тука
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ -тука
НЕНАД РИСТОВСКИ -тука
АЦЕ САЈКОСКИ -тука
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ -не **е** тука
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ -не е тука
ВАНЧО ПАНЧЕВ -не **е** тука
ИЛИЈА ПЕМОВ -тука е
ТИТО ПЕТКОВСКИ -не е тука
ЧЕДО ПЕТРОВ -не е тука
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ -тука е
АЗИС ПОЛОЖАНИ -не е тука
СТОЈАН ПОПОВ -не е тука
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ -тука е
НИКОЛА ПОПОВСКИ -не **е** тука
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ -не е тука
ИСМЕТ РАМАДАНИ -тука е
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ -тука е
НЕНАД РИСТОВСКИ -тука е
АЦЕ САЈКОСКИ -тука е
АСЛАН СЕЛМАНИ -тука е
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ -тука **е**
ВАНГЕЛ СИМЕВ -тука е
РИСТО СПАНАКОВ -тука **е**
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ -тука **е**
ЃОРЃИ СПАСОВ -не е тука
МИЛАН СТАВРЕВ -не е тука
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ -не е тука
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ -тука **е**
ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ -тука е
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ -не е тука
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ -тука е
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ -тука е
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ -не е тука
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ -не е тука
МУХАМЕД ТАИРИ -тука е
АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ -тука е
МЕВЉАН ТАХИРИ -тука е
МИТКО ТИЛЕВСКИ -тукае
ЃОРЃИ ТОДОРОВ -не е тука
РИСТО ТОДОРОВ -тука е
ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ -тука е
ПАНДЕ ТОМОВ -не е тука
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ -тука е
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ -тука е
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ -не е тука
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ -тука е
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ -не е тука
СЛОБОДАН ЌОСЕВ -не е тука
ТАКИ ФИТИ -не е тука
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ -тука е
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ -не е тука
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ -не е тука

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ -не е тука
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА -не е тука
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ -не е тука
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ -не е тука
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ -тука е
АРБЕН ЏАФЕРИ -не е тука
АЛИЈА ШАХИЌ -Не е тука
РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА -не е тука

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи имаме во салата само 59 пратеници. Не можеме да одлучуваме. Ќе продолжиме со претрес зашто имаме право.

Минуваме на точката 1.

Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија ло Договорот за кредит за реализација на Проектот Брана со придружни објекти, како дел од хидромелиоративниот систем "Лисиче", со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тдла на Собранието ви Се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани пратеници,

Накратко сакам да кажам Д9ка на овој Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија за реализација на проектот "Лисиче" е извонредно важен, затоа што на тој начин се затвора и Се заокружува целокупноста на продктот Браната "Лисиче", што Ќе овозможи квалитетна вода за пиење за Велес и за околните населени места. Затоа мислам Дека нема да има мислам никој против од колегите пратеници да Се задолжиме кај Владата на Кралството Шпанија со кредит за завршување на овој проект, кој што мислам дека е од извонредна важност за Република Македонија за еколошкиот сегмент кој ќе се нарекува здрава вода за пиење.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас имам обврска од мојата пратеничка група да се произнесам околу содржината на Предлогот на законот, кој што во основа нормативно ја регулира активноста која што во еден подолг период наназад беше присутна во Република Македонија и која што се однесуваше на изнаоѓање на можни извори на средства за кредитирање на еден мега проект, кој што е наречен хидромелиоративен систем "Лисиче". Овие активности со Шпанската влада се почнати од средината на 90-тите години и еве со една упорност од македонска страна се реализира една таква активност со успешно завршување на тие разговори и преговори и со обезбедување на средства кој што од Кралството Шпанија се во висина од 9.800.013 евра.

Ценам дека ова ќе придонесе поинтензивно да продолжат работите на овој Мега проект и еднаш, но сега и конечно, да Се заокружи таа инвестиција и сите придобивки од таа инвестиција да се стават на располагање на граѓаните, така што некои забелешки по однос на законот немам, само сакам да ја истакнам спремноста на пратеничката група на СДСМ да го подржи овој законски проект.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Јас би сакал да кажам дека ќе го подржам овој закон. До Сега имавме прилика во овие 4 години да усвојуваме вакви закони, понекогаш имаше ситуација кога некој од колегите дискутираат да се Земаат одредени кредити да Се задолжува РМ и тоа беше на некој начин да Се критикува политиката на Владата по однос на Некои проекти, кои што мислиме Дека Се од стратешко значење и развојно значење за државата. Ова е еден таков проект. Со вакviот проект се решава во голема мера проблемот за водоснабдувањето на одредена територија на РМ и мислам дека Владата во еден континуитет вакви проекти Се има нафатено да реализира на повеќе делови од нашата држава и токму затоа, јас го поддржувам овој проект и ќе гласам за законот.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Со задоволство го прифаќам овој закон за кредит на РМ кон Шпанската влада, за изградба, односно доградба на една брана, која што долги години претставува "рак рана" до денеска, токму од финансиски средства да се изгради, а значењето на браната е од големо витално значење, посебно, бидејќи станува збор за град, во кој што

еколошката средина нуди неблагопријатни услови за живот и изградбата на браната, односно овозможувањето на водоснабдувањето во Велес ќе значи многу за жителите на овој град, па би ги замолила пратениците да дадат согласност на усвојувањето на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кродит на Владата на Кралството Шпанија со Договор за кредит за реализација на проектот "Брана" со други придружни објекти, како дел од хидромелиоративниот систем "Лисиче".

По овој предлог немаме услови да одлучуваме, бидејќи нема доволен број пратеници. Ќе го дадам на гласање кога ќе има доволен број на пратеници.

Минуваме на точката 2.

Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на Проектот ХЕЦ "Лера" како дел од хидросистемот "Стрежево", со Предллогна закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Јас ќе кажам дека ќе го подржам и овој закон, меѓутоа имам една обврска пред граѓаните на Општина Гевгелија и мислам дека сега е време и место тоа да го кажам. Постои еден проект за изградба на браната на Коњско, кој што проект беше од поодамна, некаде 70-тите години, за кој што граѓаните на Општина Гевгелија извојува средства преку месен самопридонес за изградба на таа брана.

Меѓутоа, бидејќи истиот проект не беше реализиран, дел од тие средства беа наменети за изградба на хидросистемот "Стрежево". И тука се состои таа моја обврска да кажам дека тој систем што е изграден е благодет за Република Македонија и она што се предвидува сега со овој кредит, исто така предвидува благодет за Република Македонија, но истовремено сакам да укажам дека сепак постои една обврска према граѓаните на Гевгелија да се воведе, или да се обезбеди кредит за отпочнување на работите на браната Коњско, проект кој што е извонредно значаен за тој дел на државата, проект со кој што ќе се обезбеди наводнување на околу 10.000 хектари плодно земјиште, проект кој што е пвоеќенаменски и кој што може да служи како пример за соработка помеѓу две соседни држави.

Затоа, од ова место, уште еднаш ќе повторам дек го поддржувам овој предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија, но истовремено, сакам да иницирам дека владата треба да направи напори да обезбеди исто така некој поголем кредит за да се започне со изградбата на проектот на браната Коњско.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, овој закон се однесува за реализација на еден инвестиционен објект кој што е наречен ХЕЦ "Лера". Имено, своевремено, како што спомнав во средината на 90-тите години им беше презентирана една подолга листа на потенцијални инвестициони потреби во РМ на повеќе Земји, а во конкретниот случај и на Кралството Шпанија, која што имаше задолжено нејзината владина институција за кредитирање ИЦО, да ги проанализира тие проекти и да даде свое мислење околу реализирање на тие проекти.

Мене ми е особено драго кој што е прифатен еден од проектите од Шпанската влада по предлог на Шпанската владина институција за акредитирање е прсоктот "Лера", кој што има повеќенаменско значење и кој што Ќе биде во интерес на граѓаните, претежно во пелагонискиот регион, со оглед на тоа што покрај за основната цел, за кое што се гради овој проект, за производство на 33 до 41 милион киловат часови. Исто така е важно што ќе се отвори можност за Непредено наводнување на околу 20 илјади хектари во пелагонискиот регион. Така да, ние како пратеничка група, целосно *ќе* ја подржиме оваа законска материја и Ќе гласаме за законот, со

оглед на тоа што овој закон предвидува изградба на ваков капацитет, по исклучително поволни услови кој што се понудени од Шпанската влада, а прифатени од Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Сакам да искажам благодарност за овој проект, затоа што Македонија е многу богата со мали, но голем број реки и единствено решение за да ја реши иднината и за наводнување, а посебно за вода за пиење е решението само да Се изградуваат брани.

Оваа брана ХЕРЦ "Лера" ќе има доста големо значење, како за битолскиот крај, а посебно за сушното поле Пелагонија. Бидејќи битолчани се покажаа како големи домаќини, кои знаат да стопанисуваат со водите, сметам дека со изградбата на овој капацитет, ќе се зголеми количеството на енергија, која ја добиваме од Битола, а посебно ќе Се придонесе за заживување и на малото стопанство, посебно земјоделието и сточарството во тој крај каде што тие села Се доста сиромашни.

Јас давам максимална подршка за овој проект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот пратеник Ванчо Чиглиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги пратеници,

Мислам Дека Не Се работи дали сакаме, или не сакаме, затоа што припаѓаме на некоја политичка групација. Се работи за витални стратешки, егзестенцијални прашања што се на дневен ред пред овој највисок законодавен дом. Вие знаете во основа секогаш такви проекти, затоа што тоа е потреба на граѓаните на Република Македонија и мислам стратегијата што ја води Република Македонија, треба да биде на задоволително ниво, а уште на

повисоко ниво, кога е во прашање вода. А тоа, дали е вода за наводнување, за земјоделските култури, или вода за пиење, тоа е број еден во Република Македонија. Јас би рекол издвојувајќи Се од сите сушни подрачја и региони на Балканот, да Не кажам и пошироко. Во основа, сакам да кажам Дека треба како пратеници да се заблагодариме на намдрата што таква помош ни даваат, затоа што грејс период од Четири години, оние што најмалку Се бавеле со економија, со стопанство, со Менаџерство, тоа многу значи колку да биде ударот голем, боксерот да биде нокаутирам, ако му дадат наместо 10 секунди 100 секунди може да Се опорави. Периодот од четири години грејс период е повеќе од задоволитдлен.

Уште еднаш, како пратеник сакам да кажам камата на годишно ниво од 1,5%, тоа е како 693 камата.

**ВАНЧО ЧИГЛИГАНЕЦ**: (продолжение)

Прво, јас како пратеник ви дадов комплетна поддршка.

Второ мислам дека понатаму институциите на државата треба да бараме од директниот корисник, во моментот хидросистемот Стрежево, без разлика кои се одговорни субјекти, на највисоко ниво тоа треба да се рационално искористи, затоа што кредитот од околу 15 милиони марки без разлика што е многу поволен, сега зависи од крајниот корисник како ќе се насочат рационално средствата. Затоа, последна гаранција како што и самите гледате е деловна банка односно Буџетот на РМ, односно државата. Не треба да дозволиме горките искуства што досега сме ги имале, претпоставувам од неодговорни субјекти, непрофесионални, со недоволно знаење, овие средства да се класираат. Тоа е моја препорака.

Трето, мислам дека оваа работа што ја тераме повеќе во сверата на наводнувањето водата за пиење, јас барам од Владата на РМ, пред меѓународнот фактор, сите оние кои се благонаклонети кон РМ, во овие најтешки моменти, од економски, да не зборувам од политички аспект, да се помогне рамноправно да учествуваат и останатите општини. Јас и со двете раце ќе гласам и ќе го поддржам и за браната Лисиче и за хидросистемот Стрежево. Тука нема дилеми. Но, се поставува прашањето, има и други хидросистеми, кои наводнуваат големи подрачја, на пр. Турије - Струмица. Овде требаат дополнителна точка за мрежата, собирање на таксата од вода, од земјоделските производители. Во овој момент земјоделските производители на овој реон не се во состојба за тоа. Затоа барам Владата на РМ, по било која линија да најде скромни средства за дополнително инвестирање во системот Турија, затоа што знаете дека струмичката котлина и повеќе од тоа, егзистираат од неа.

Исто така, апелирам овде да биде и хидросистемот Мантово бидејќи мрежата тука веќе повеќе години е во таква состојба што би рекол половична и неупотреблива. Во таа смисла ќе дадам еден комплетен белег дека за сите граѓани во Републиката подеднакво размислувам. Да не зборувам за тоа, кога се работи на тој план дека ние имаме општини, еве јас ќе кажам за општините од каде што потекнувам, Радовиш и Конче, има населени места и села кои немаат вода за пиење а да не зборувам за градот Радовиш. Тука не се работи за милионски бројки, туку се работи за 100-тинг илјади евра, а тоа ќе има големо влијание.

Четврто ние треба да создаваме амбиент во наредниот период, иако сега не е местото, такви поволни кредити да користи РМ, за отворање на нови капацитети, со хипотеки итн.

Сега не е место, мислам дека оваа клима, ова расположение на меѓународната заедница треба да го канализираме односно насочуваме на нови технологии, нови капацитети, нови вработувања, мислам дека и намалување на трговскиот дефицит, да не зборувам за капацитети засновани на сопствени суровини, земјоделски, индустриски. Да не зборувам повеќе ќе има прилика за тоа ќе разговараме.

По ова прашање јас позитивно ќе се произнесам.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитувани колеги пратнеици, овој закон е сличен како и претходниот што на кратко го продискутиравме. Јас исто така ќе дадам поддршка за овој закон. Меѓутоа, овде би сакал три работи да кажам, бидејќи на некој начин во дискусиите на моите колеги пратеници кои не се припадници на партиите што не се во Владата, провејува расположение за поддршка на овој закон. Заради тоа јас сакам да изразам задоволство, бидејќи поддржуваат проекти што владата на РМ, ги изработила, Владата на РМ, ги предложила пред ова Собрание и навистина претставува задоволство што пратеници од опозицијата даваат поддршка на овие закони, на некој начин им даваат признание на Владата дека поднела добри закони. Проблемот е дали кога дискутираме за ваквите закони ќе ја натераме работата на друга страна, па ако имаме сега два проекти за решавање на проблемите од водоснабдувањето и некои други проблеми, дали ние, покрај таа еве декларирана политичка волја, дека ќе ги поддржиме тие з акони, дали ќе ја свртиме дискусијата и на уште 500-600 други места з а Македонија каде што би можеле да градиме и да кажеме да и таму треба или не. Прашањето е дали во овој момент тоа е поентата на овој закон, или пак се работи, на некој начин, да се договориме, на гласачите и од други места на РМ, а притоа да имаме на ум дека Владата е таа што ги предложила овие проекти.

Можеби и третиот дел кој би сакал овде да го истакнам а

што го спомнаа некои пратеници е поволноста на овие кредити и поволноста да речеме на меѓународната атмосвера која е во однос на Македонија за давање на такви кредити. Мислам дека и едното и другото се доказ дека конзистентната политика во овие четири години, во однос на услугите да се направи некаков развој во РМ, наидува на добар одговор од страна на меѓународните инситуции, финансиски, па и Владина странски земји кои на некој начин со давањето на поволни кредити, со грејс периоди со ниски камати, како да ја подржуваат политиката што Владата на РМ ја води во тој правец. Токму затоа и го истакнувам! тоадека тоа е сепак последица на една конзистентна работа. Оттаму доаѓа и таа поддршка. Значи ќе гласам за законот, кога ќе дојде за гласање бидејќи очигледно денес тоа не ќе може да се напраи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува г-динт Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Се препознав во дискусијата на г-динот Глигоровски, ако не е така јас ќе се повлечам, дека некој им се додворува на гласачите. Дали тоа се однесуваше за мене? Ако е за мене сакам да објаснам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакам да ви кажам дека е работа на пратениците да се додворуваат на гласачите.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине претседателе може ли да објаснам.

Мислам дека и тоа е нашата улога како пратеници без разлика на партиска припадност а за моја среќа јас припаѓам на Социјал-демократскиот Сојуз на Македонија, затоа што ние треба да влијаеме на дефинитивните одлуки кои ги донесува Владата. Најмалку се работи дали ние ке додвиреме на господата од хидросистемот Стрежево, од Лисиче, Мантово, Турија, Струмица итн. Јас бев дециден во моето размислување. Првите

точки што ги разговарав беа дека го поддржувам целосно задолжувањето со поволни кредити. Второто беше дека се работи за една осетлива проблематика, земјоделие, вода за пиењење за третото воопшто и да не зборувам. Па ние мислам дека не се додворуваме г-дине претседателе Андов, тоа е нашата улога да ги штитиме интересите подеднакво на сите граѓани и реков да влијаеме во институциите на државата, а тука мислам најмногу може на извршната власт, Владата на Република Македонија. Тоа беше толку принципиелно и коректнно, ниту му се даде некој субјективизам, тенденциозност од моја страна, ниту партиска политичка борба, напротив, без разлика за која Влада да се работи, таков приод натаму да има. Мислам дека нема место сега пак да најдеме забелешка зошто поддржуваме и зошто даваме сугестии. Ако сакате да знаете, јас сум човек кој ниту службено ниту приватно не користел кредити, не со поволни камати, со никакви камати. Но, ние сме во таква состојба, како Република Македонија и треба да користиме и тоа најповолни кредити. Затоа јас тоа го поддржувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Сигурно дека за поздравување е донесувањето на еден ваков закон и претходниот, затоа што водата ќе биде голем проблем во идниот период па и Македонија нема да биде имуна на овој, да кажеме парламент.

Добро е тоа што се даваат такви поволни кредити и некој што сака да наметне мислење во Македонија дека Македонија губи кредибилитет кај меѓународната заедница, се враќа довербата и кај многу држави од Европа што еве се даваат такви поволни кредити од 7,3 милиони евра над 14 години, со четири години рејс период. Така што угледот на Македонија се враќа. Иако јас еве сега очекувам А1 во своето известување да каже ја задолживме Македонија, битолчани не треба да добијат. Тоа е стилот на некои медиуми кои сакаат да ја прикажат црната слика на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не зборуваме за медумите.Продолжете со законот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Законот е добар и како таков ќе го поддржам, ќе гласам за и за многу други задолжувања, тука се работи за водоснабдување и за вода за пиеше на граѓаните на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги,

и првиот предлог на закон и вториот, кога се работи за

задолжуваше на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија, по договорот за кредит за реализација на проектите, во овој случај проектот како дел од системот Стрежево.

Не сакам да бидам сватен погрешно, меѓутоа, како што ги читам ми како се наредени овие закони за кредити, некако не можам да не помислам како пратеник дека сите овие кредити со сите овие добри услови што тука се кажани, не како ни одат во еден дел на РМ, каде што веќе вообичаено ни одат кредитните линии. Немам против и да се реализираат овие проекти. Меѓутоа, би сакал еднаш пред мене или пред нас тука да имаме и еден предлог на закон, да се оствари некоја кредитна линија, или во овој случај како што е тоа со Кралството Шпанија или некоја друга земја, и во делови на РМ, каде што многу малку ги користиме овие кредити односно овие договори што се прават со вака добри услови. Еве да го спомнеме за пример браната Липково и користењето односно доградување и со помошни објекти, со тоа што да се пренасочи и таму, да кажаме дел од тоа што е систем, хидромелиоративен за да може да се користи во тие села во општина Липково, почнувајќи од Вишница, Липково, Ваксинце, Лојане, Слупчане итн., затоа што таму имаме дури и парадоксален пример што не може никако ни да се свати, тоа поле што се кроисти таму, не може дури да го користи тој капацитет на браната во Липково, што сигурно тие што се з анимаваат со земјоделие би го користеле и тоа многу добро. Јас незнам дали тоа е од некоја подолга политика што била погрешна, во Кумановско и Липковска, меѓутоа, не можам да го сватам тоа, дури и тој капацитет на вода да не се користи во тие општини односно во тие села.

Исто така имаме случај и во дел од полето кое може да се користи хидромелиоративен систем во Вардарско, во овој случај дел од Арачиново, односно Белимбегово, односно Илинден,

некогашниот ЗИК Скопско Поле. Мислам дека имаме едно доброземјиште, од тие карактеристики што ги знам и што ги имам тие информации. Меѓутоа, никако еднаш да се преземе чекор каде што би се користела таа вода односно да се користат и вакви поволни кредити со вакви грејс периодо што мислам дека е време за такви потфати. Јас незнам, како и зошто Владата доаѓа до вакви кредитни линии, меѓутоа сепак треба да се внимава и на тие места каде што мислам дека е потребно да се интервенира со вакви услови кои се поволни.

Предлагам, ако не со овој закон, со еден друг закон да сеинтервенира и во овој дел, з начи во Липковско, тие капацитети од Липковската брана да се подобрат и квалитетно и квантитетно а мислам дека има можност, за да може да се користи таа вода и да се разбие тој систем, хидромелиоративен, за доброто на сите граѓани кои исклучиво односно во голем процент се занимаваат со земјоделие а се работи за многу вредни и добри земјоделци кои навистина од едно такво з емјиште ќе имаат и приход понатаму, за подобра егзистенција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранито го усвојува предлогот за донесување на закон за задолжуваше на РМ, со кредит кај Владата на Кралството Шпанија со договоро<sup>г</sup> за кредит за реализација на проектот ХЕЦ "Лера", како дел од хидросистемот Стрежево.

Бидејќи ние сега немаме услови за одлучување, толкав број на пратеници немаат право да одлучуват, ние нема да гласаме сега, туку гласањето бе го оставиме за тогаш кога ќе има повеќе од 61 и повеќе пратеници.

Минуваме на точката 3.- Предлог за доенсување на закон за изменување и дополнување на законот за банките со Предлог на закон.

Предлогот за доенсуваше на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара зборо?

За збор се јавува г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани коилеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Мислам дека се работи за закон преку кој никој од парламентарците неможе да помине рамнодушен, бидејќи се работи за една сфера која ја брануваше целата јавност во Република Македонија по она што се случуваше во банките во Република Македонија во изминатиот период и за кое причина беше законската регулатива во Република Македонија во минатото, нејзините измени и актуелни моменти.

Ќе тргнам од образложение што го дава самата Влада по овој закон дека во периодот по донесувањето на Законот се случија настани кои ја наметнаа потребата секоја организирана држава да преземе мерки за контрола и спречување на влезот на капитал кој потекнува од нелагални извори. Значи, тоа е констатација на Владата, од нелегални извори потекнува капитал. Една од тие мерки, можеби најефикасна е запирање на каналите преку кои се врши трансферот на средствата со кои се финансираат нелегалните бизниси во Република Македонија, се мисли и организации, како и на каналите по кои се легализира капиталот стекнат со нелегални и криминални активности. Тоа се состојби за Република Македонија кои се сака да се изменат и кои Владата ги констатира дека се актуелни во Република Македонија.

Во наредниот став се вели: "Во таа смисла, Република Македонија презема активности и мерки за спречување на влезот на капиталот стекнат од нелегални активности во државата".

Значи, предмет на овој закон, меѓу другото, е и токму нелегално стекнатиот капитал во државата, значи контрола на изворите на средствата кои се инвестираат во банкарскиот систем на Република Македонија. Тоа го читам од образложението на Владата, значи, до овој ден, до овој момент, додека не изгласаме и не собереме кворум, оваа сфера нема да биде регулирана во Република Македонија, со тоа што се предлага "секоја уплата на капитал, без оглед на висината и при секоја промена на составот на акциите, без оглед дали се стекнува квалификувано учество во капиталот на банката или помалку, да биде документирана со доказ за изворот на средствата со кои се купуваат акции во банка, "доколку не се приложи или се приложи несоодветен доказ се дава право на Народната банка дека нема да издаде согласност за уплата односно за промена на

сопственичката структура." Дефакто се констатира една сфера која беше тотално нелегурирана во изминатиот период во Република Македонија и тоа само во изминатиот период од две години. Зошто од 2000 година до денес оваа сфера остана неконтролирана и зошто се случуваат сите оние случки што се случуваа неконтролирано, купување на капитал на акции во банките без проверка на потеклото на тој, како што е кажано во Информацијата на Владата, нечист капитал со сомнително потекло.

Дали Република Македонија,после сите опомени и сите извештаи за корумпираност и криминални дејанија може да си дозволи и понатаму да има ваков нечеист капитал, капитал со нејасно потекло кој ќе и прави имиџ на корумпирана држава.

Затоа, по овој закон повеќе ќе зборувам од морален и од политич-ки аспект на законот, отколку од стручен аспект, бидејќи тежината на ваквите трансакции во изминатите две години на купување на акции без докажано потекло од личности кои со своите лични доходи и 100 години да работат неможат да го стекнат тој капитал, и донесува имиџ на Македонија на корумпирана држава, а на Владата на високо корумпирана Влада,која врши нетранспарентна приватизација во овој период во Република Македонија финансии, за контрола на ваквите трансакции, акциите се неуспешни или повеќе се акции со маркетиншки и политички карактер отколку некои сериозни акции кои би ја поправиле состојбата во оваа сфера.

За вакви нелегални акции имаме оценки од Меѓународната заедница кои се јасни. Затоа, сметам дека добро е што конечно Владата предложи ваков закон, кој би важел кога завршуваа таа со мандатот. Меѓутоа, очигледно за мене, а верувам и за голем број од Вас пратениците нема да има морал за да предложи вакви измени, ако не даде објаснување за сите овие работи што се случуваат со нелегалниот капитал во овие банки, кои и се случија на Македонија.

За да ја потсетам Владата како заклучок што значи одговорна Влада во една држава, ќе ја потсетам на она што се случи во Холандија овие денови кога една Влада комплетно даде оставка за една случка која се случи на друго место, за која чувствуваа морална одговорност. Холандските војници ниту го направиле тоа, ниту се виновни за случувањата, тоа беше работа на балканскиот котел, меѓутоа, луѓето испратени овде чувствуваат повеќе одговорност од сите балкански политичари заедно. Ние сакаме таква влада со такво чуство на одговорност, кога се случува во нејзината средина лошо, трагедија, распад, нелегално, таа Влада е одговорна за тоа и оваа и секоја идна влада која ќе биде избрана од Парламентот на Република Македонија. Инаку парламентарна демократија во вистинска смисла во Република Македонија ќе нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

стучен аспект и од банкарски аспект на овој закон, туку од неговата црна димензија или трагична димензија за граѓаните на Република Македонија и за трагедиите што и се случија на Република Македонија со невидената корупција и перење и трансформација на капиталот во Република Македонија токму на овој начин и по овој пат кој го обработува овој закон.

Откако се заврши оваа акција и откако се извршија најголем дел од овие приватизации, оправдување можеби за ваквите реформски зафати на Владата беше Светската банка и ММФ, бидејќи честопати се употребуваат како абаратели да се укине контролата на потекллото на парите и слично, што јас лично не верувам, а верувам дека и секој граѓанин во Република Македонија не мисли така. Ние би можеле и официјално да побараме на таа тема објаснување од Светската банка и ММФ, кои секако не би биле на една ваква позиција.

Сметам дека, ако Министерството за финансии и Владата на Република Македонија пред овој Парламент, што значи и пред македонската јавност нема да го објаснат потеклото на парите за купување на Македонска банка, Балканска банка и на други нечисти, корумпирани трансакции, тоа ќе остане како црна дамка врз сите нас во Република Македонија и пред се врз нив и на такво нешто се должни од морален аспект пред овој Парламент кој ги избрал и кој го поддржуваат многу од овде кои им даваат мнозинство како пратеници. Инаку, кој во оваа држава ќе го спречи и ќе преземе едергични мерки против легализација на нечист капитал и капитал нелегално стекнат, ако не ние пратениците, ако не Собранието на Република Македонија и институциите на државата. Кога очигледно кај министрите кои се најмногу задолжени преку своите сектори, МВР.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвување на Законот за банки.

Сега неможеме да гласаме, бидејќи нема доволно пратеници, но по овој заклучок ќе гласаме и јас ќе го ставам на гласање кога ќе бидат исполнети условите што ги пропишува Уставот кога настапува правото на одлучување во Собранието.

Преминуваме на Четвртата точка од дневниот ред - Предлог за изменување и дополнување на Законот за стечај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда господинот Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван претседател на Собранието, почитувани дами и господа, пратеници,

Основна цел на измените и дополнувањата што ги предлагаме за Законот за стечај е забрзувањето на стечајната постапка, а во исто време заради оставарување на оваа цел се неопходни и измени и дополнвуања и во други закони, а кои закони исто така се наоѓаат на дневниот ред на денешната седница на Собранието на РМ.

Почитувани пратеници, во моментот во Република Македонија според информациите со кои располагаме како Влада, а тоа е од ресорот финансии, има околу 25.000 претпријатија кои се со блокирани сметки и од кои според одреден проценки што ги направивме околу 90% од нив се очекува никогаш да не бидат реактивирани, бидејќи најголемите дел од таквите претпријатија немаат никаков имот.

Постоењето на голем број на вакви фирми очигледно дека негативно влијае на нашиот углед пред меѓународните финансиски институции. Со измените на Законот за стечај и на другите закони што се на дневен ред на денешната седница на Собранието на Република Македонија, значи со усвојувањето на овие измени и дополнувања ќе се овозможи брзо решавање на овој прболем кај голем број на овие фирми.

Со цел да се лицираат точно пунктовите од Законот што придонесува за одолговлечување на стечајната постапка, формиравме група што беше составена од претставници на сите релевантни;институции во државата, а овој предлог на закон што сега се наоѓа пред вас, исто така беше предмет на разговори и во светската банка, каде што за овие измени добивме целосна поддршка.

Предлогот на законот за стечај опфаќа измени и дополувања кои се лоцирани како главни причини на тоа што значи одолговлекување на стечајните постапки во Република Македонија. Со овој предлог се овозможува непосредно отворање на стечајната постапка без да се спроведе претходната постапка и без да се испитува постоењето на причината за отварањето на стечајната постапка и кога предлагач е друг орган или првано лице определено со закон.

Исто така, како една од главните причини за одолговлекување на стечајните постапки кај нас досега беше оставената можност во законот за испитувашата на подоцнежните пријави на побарувањата на дополнителните рочишта. Соопредложените измени значително се забрзува стечајната постапка, со оглед на фактот што ќе бидат испитувани и утврдувани само подоцнежните пријави на побарувањата кои пристигнале кај стечајниот управник до одржувањето на извештајото рочиште. Со овие измени на Законот аз стечај се постигнува забрзување на постапката и се оживотворува начелото на итност на стечајната постапка, прокламирано во самиот закон за стечај, како и ќе се зголеми одговорноста на основачите и одговорните лица во органите и телата на правните лица, како и на трговските поединци.

Уверени сме дека со овие измени што ги предлагаме ќе се постигне основната цел, а тоа е забрзување на стечајната постапка и предлагаме Собранието да го донесе овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата,

колеги пратеници,

Бидејќи се работи за закон кој е еден од најнепопуларните во Република Македонија, сметам дека треба да дадам едно едно видување кое го опфаќа целиот период после осамостојувањето на

Република Македонија, како би дошле до суштината на овие измени и неопходноста од нивно донесување.

Во периодот после осамостојувањето на Република Македонија, Република Македонија наследи исклучително неповолна стопанска инфраструктура, а овде пред се мислам на една гломазна структура која беше димензионирана да работи за еден малку поголем пазар, кој што после расттурањето на поранешката федерација и самиот беше растурен од една страна, и од друга страна имавме војни во нашето соседство, блокади од нашите соседи и тн.

Од тие причини, ако се земе предвид дека Република Македонија имаше многу мала застапеност на приватни фирми, ќе мораме да констатираме дека во Република Македонија мораше да дојде до радикално преструктуирање во стопанството. Доколку сето ова се согледаше на време и се следеше примерот на другите земји во транзиција, пред се мислам на Полска, Унгарија, Чешка, ние сега ќе имавме еден сосема друг амбиент и сигурно ќе имавме многу помал број на невработени и многу подобро стопанство. За жал, во Република Македонија се одеше по еден сосема друг концепт. Тој концепт наједноставно може да се свати од концептот на Законот за приватизација, кој всушност претставува продолжување на концептот за работничкото самоуправување и негативните последици од тој концепт, за жал, Република Македонија ќе ги почуствува уште некое време, што претпоставувам дека нема да биде многу кратко. Како последица на ваквиот концепт, Законот за стечај прв пат во независна Република Македонија е доне сен во јуни 1998 година, што значи дека до тогаш во Република Македонија сите стечаи се водени по Законот за присилно порамнување, донесен некаде во 80-тите години, што по мое мислење е една од главните причини за толкавата одбојност и при самото спомнување на можноста за отворање на стечај, бидејќи многу стечаи кои што се водени во тој период на исклучително лоша завршница.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ**: (Продолжение)

Ваквиот концепт во Република Македонија доведе до тоа реално во Република Македонија да имаме два сосема различни економски системи.

Едниот е економскиот систем кој е всушност и единствената алтернатива на Република Македонија, а тоа е приватниот сектор каде иако со тешкотии солидно истиот се развива и веќе можеме да констатираме дека имаме и голем број на фирми и голом број на менаџери кои успешно можат да се водат со било која фирма од развиенитд земји. За жал имаме еден втор систем кој е заоставштина од минатото време кој што сеуште функционира и кој Нема никаква перспектива.

Дока стечајот е единствена алтернатива и Дека овие измени Се добри би аргументирал само со неколку конкретни примери кои што се случуваа во Република Македонија во изминатиот период.

Првата работа е експериментот за давање на дисконт од 70% за плаќање на заостанати придонеси и давање на можност за чистењо на долгови на одредени фирми. Овој оксперимент не само што Се покажа како неуспешен, туку се покажа како многу штетен за државата. Првата работа е дека најголем број од фирмите кои што успеаја во тоа време да ги платат заостанатите придонеси со тие дисконти Денес Сепак блокирани и проблемот со истите пак останува.

Втората работа која што предизвикуваше и сеуште предизвикува штети е што фирмите кои што позитивно работеа, кои што на време си ги плаќаа давачките, едноставно беа казнети, бидејќи се даде можност на едни да платат со дисконт, додека оние што добро работеа си ги плаќаа во целост овие придонеси. Следен пример е политика која што во изминатиот период се водеше на кредитирањо на загубари. Ова е тема за која и друг пат овде имаме дискутирано, која не само што не ја подобрила состојбата во овие фирми, туку директно штетно влијаеше за целокупното стопанство, за неговиот развој, па и вкупно за состојбите во Република Македонија. Бидејќи токму оние фирми на кои што вистински им требаа кредити, мораа да плаќаа камати 20% и над 20% како би биле покривани оние кредити кои што беа давани во фирми кои што никогаш ниту можеле, ниту можат да ги вратат. За среќа состојбата Сега е малку поинаква, целото законодавство е речиси реформирано во овој однос. Последните информации што беа дадени од претставници на Министерството за економија на една од Седниците за економска политика и развој беше Дека повеќе од 95% сега од пласманите се даваат на квалитетни фирми и се очекува нивно враќање, т.9. веќе св враќаат и *ќе*

бидат вратени. Бевме сведоци и можевме да го слушнеме истото и на пресот што беше даден од Стопанска банка. Што значи само оваа гаранција Дека во Република Македонија можеме да очекуваме намалување на каматнитд стапки и услови за еден побрз економски развој.

Сега би сакал да кажам зошто забрзувањето на стечајните постапки кои Се содржат во овие измени Се многу важни за развојот на стопанството, а исто така и за целокупната економија на Република Македонија. Само преку стечај можат да елеминираат основните пречки за да ови фирми продолжат да работат. Тоа се отприлика следните пречки.

Првата работа што преку стечајот може да с епостигне е расчистување со огромните долгови кои реално на никаков друг начин Не можат да се елеминираат. Реално мислам на враќање на долговите со Текот на работата.

Следната работа која што преку стечајот може да се постигне и е неопходна, а исто така заоставштина од еден претходен систем е престроктуирање на самите фирми. Ние за жал можеме да констатираме Дека во најголем дел од овие фирми кои што Се денес загубари односот на администрација и работници е во најдобар случај 1:1. Сеуште има фирми каде што бројот на администрацијата може да биде и поголем од бројот на фирмите. Ако имаме во предвид Дека веќе имаме потпишано Договор за стабилизација и асоцијација со Европската унија, ако имамд во предвид Дека ни е даден период од 5 години за да се преадаптираме за европскиот пазар, повеќе од јасно е дека вака организираните фирми Немаат ниту теоретски шанси да можат да работат во таков систем на стопанисување.

И следната работа која што исто така е важна, можеби и најважна од се е дефинирање на титуларот на сопственост во фирмите. Ние имаме денес голем број, т.е. најголемиот дел од овие фирми титуларот на сопственоста е сеуште нерешен. Така што на овој начин Ќе се отргне и оваа пречка. Со задоволувањето на овие основни принципи можеме да се надеваме Дека ќе имаме фирми кои што ќе работат на подолг период, вработени во тие фирми на кои што Ќе им се плаќаат и придонеси и сите други давачки по однос на плата и ќе имаме фирми кои што успешно ќе стопанисуваат.

Следната работа е значењето на што побрзо завршување на овој процес за развојот на Република Македонија. Само на овој начин ќе дојдеме до деблокирање на сите тие процеси и ослободување на сите капацитети и ставање на истите на слободниот пазар што можам да ве уверам дека ќе доведе до нови вработувања. Макар што на прв поглед изгледа Дека *ќе* има нови отпуштања, во секој случај за релативно краток период ќе имаме нови вработувања во сите овие капацитети кои што за жал сега стојат затворени. На овој начин ќе се елеминира овој вториот систем кој што е заоставштина од претходното врдме, ќе имаме еден систем, дури во тој случај ќе ги имаме веќе сите предуслови за профункционирање на правната држава. И ден денес имаме еден голем број, министерот спомна цифра од 25 илјади вработени, иако најголемиот дел од ова се фирми кои што само формално постојат, без вработени, има голем дел и кои што реално живеат се со блокирани сметки, вработените таму земаат плата. Знаеме дека е изменето законодавството, дека имаме веќе казнени одредби со казна затвор од 1-5 години за неплаќање на придонеси, државата Сеуште ова го толерира кај овие фирми. Тоа е едната страна, значи свесно Се крши законот. Од друга страна имаме Веќе фирми кои што работат исклучително добро, кои што си ги плаќаат сите давачки. И сметам дека не е во ред да имаме и таков третман. Претпоставувам дека со сето ова завршување ќе ги имаме сите предуслови да профункционира се онакака како што треба. Што значи ова се сите позитивните работи од спроведувањето на Законот за стечај. Меѓутоа, имаме и едно, т.е. најболното прашање во разрешувањето на овој проблем е прашањето на оние кои ќе останат без работа. Јас во ова верувам дека Синдикатот и Владата ќе најдат заедничко решение, бидејќи без разлика кој е на власт, значи би сакал да потенцирам без разлика кој е на власт, ова е процес кој Република Македонија мора да го помине и колку побрзо ќе го помине толку побрзо ќе имаме услови за побрз економски развој.

Примдрите за разрешување на вакви случаи, само да ги напоменеме оние што сега беа разрешени. Се разреши прво Окта, пото Фени, Газела, сега Фас е во завршна фаза на разрешување. Ќе дадат исклучително добри резултати бидејќи

оптоварување на фирми со 50, 70, или 100 милиони марки Не можат да и донесат добро на Република Македонија. Така што јас би бил најсреќен доколку и синдикатите го сватат значењето на стечајот и почнат сами да бараат излез од агонијата во која што моментално се наоѓаат. Би бил навистина среќен доколку и тие Се вклучат активно во оваа постапка во барањето на стратешки партнер и во кон9чното дефинирање на сопственоста во овие фирми.

Од тие причини јас ќе го поддржам овој закон и сметам дека ќе биде поддржан од сите пратенички групи, бидејќи нуди излез од кризата во која се наоѓаат голем број на фирми во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај.

Ние сега не можеме да го усвоиме, не можеме да одлучиме, ќе одлучиме кога Ќе можеме, кога ќе имаме доволен број на присутни пратеници во салата и кога ќе бидат исполнети уставните услови за донесување.

Ја прекинувам седницата. Ќе продолжиме со работа утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,50 часот).